# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА

**Број 8 Петок, 1 Август 2025 Демир Капија**

**1442 Демир Капија, ул.Маршал Тито бб тел/факс: (+389 43) 366 212, e-mail: opstinadk@yahoo.com**

## С О Д Р Ж И Н А


1. *Одлука за одобрување на Планот на програмите за развој на Општина Демир Капија (2025-2026 година)......................*
2. *Одлука за измена и дополнување на Буџетот на Општина Демир Капија за 2025 година...................................................*
3. *Одлука за резервирани средства во Буџетот на Општина Демир Капија за експропријација на земјиште за градење објект од јавен интерес од локално значење.........................................................................................................................*
4. *Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Капија за вториот квартал 2025 година..........................................................................................................................................................*
5. *Одлука за кофинансирање на Проектот: "Зајакнување – Вклучување на лицата со попреченост, регионална соработка и развој во Западен Балкан"...............................................................................................................................*
6. *Одлука за давање согласност за прифаќање намера за спонзорство од Друштво за производство, трговија и услуги КОРОНА Душко ДОО експорт-импорт Неготино..............................................................................................................*
7. *Одлука за давање согласност за прифаќање намера за спонзорство од Трговско друштво за трговија, производство и услуги СЈ КОМПАНИ ДОО експорт-импорт Скопје.............................................................................................................*
8. *Одлука за измена на Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар – деловен простор.........................*
9. *Одлука за давање на користење на недвижна ствар – дел од објект на Здружение на пензионери Демир Капија............*
10. *Одлука за давање на користење на недвижна ствар – дел од објект на Здружение Центар за истражување и информирање за животна средина ЕКО СВЕСТ Скопје..............................................................................................*
11. *Решение за давање согласност за Годишен план за вработување во 2026 година............................................................*
12. *Заклучок за усвојување на Елаборат за процена на штета од елементарна непогода – ниски температури што ја зафати Општина Демир Капија во месец Април 2025 година....................................................................................*
13. *Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Демир Капија..........................*
14. *Програма за изменување и дополнување на програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Демир Капија за 2025 година........................................................................................................................................................................*
15. *Заклучок..................................................................................................................................................................................*
16. *Решение за одобрување финансиски средства на Здружение на граѓани и верници Света Петка Горна Ергела – Демир Капија...........................................................................................................................................................................*
17. *Решение за одобрување финансиски средства на Здружение ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА 2025 Демир Капија..................*
18. *Решение за одобрување на еднократна парична помош.........................................................................................................*
19. *Решение за одобрување еднократна финансиска помош на КАЈАКАРСКИ КАНУ КЛУБ ПРОСЕК Демир Капија..................*

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за одобрување на Планот на програмите за развој на Општина Демир Капија (2025-2026 година)**

Се објавува Одлука за одобрување на Планот на програмите за развој на Општина Демир Капија (2025-2026 година), што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 31.07.2025 година.

Број 09 –619/1 Градоначалник на
01.08.2025 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 21-б од Законот за буџетите ("Службен весник на РМ" бр.64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и "Службен весник на РСМ" бр.151/21 и 3/25), Советот на Општина Демир Капија на XLVII-та седница одржана на ден 31.07.2025 година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**За одобрување на Планот на програмите за развој на Општина Демир Капија (2025-2026 година)**

**Член 1**

Советот на општина Демир Капија го одобрува предлогот на Планот на програмите за развој на Општина Демир Капија (2025-2026 година) и тоа:

**1. БУЏЕТСКА ПРОГРАМА ЈА – КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ**

Развојна потпрограма ЈАА – Изградба на електрични инсталации за улично осветлување во општина Демир Капија

**2. БУЏЕТСКА ПРОГРАМА ЈИА – КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ**

Развојна потпрограма ЈИ – Изградба на атмосферска канализација на ул.Маршал Тито

**3. БУЏЕТСКА ПРОГРАМА ЛА – СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА**

Развојна потпрограма ЛАА - Реконструкција на фудбалско игралиште 2 фаза

**Член 2**

Планот на програмите за развој кој е составен дел на оваа Одлука претставува среднорочен приказ на програмите наменети за развојни проекти на Општина Демир Капија прикажани по одделни буџетски корисници, одделни буџетски програми и подпрограми, години во кои истите ќе се реализираат и изворите на нивното финансирање.

**Член 3**

Одобрениот План на програмите за развој ќе биде составен дел на предлогот на Буџетот на општината.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 587/4 Претседател на Совет на
31.07.2025 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за измена и дополнување на Буџетот на Општина Демир Капија за 2025 година**

Се објавува Одлука за измена и дополнување на Буџетот на Општина Демир Капија за 2025 година, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 31.07.2025 година.

Број 09 –619/2 Градоначалник на
01.08.2025 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.

---

Следејќи го остварувањето на Буџетот, како на приходната страна така и на расходната страна, при што земјаќи ја во предвид досегашната реализација на буџетот, по предлог на градоначалникот а согласно позитивните законски прописи од член 36, став 1, точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ„ бр.5/2002), член 36 став (3) од Законот Буџетите („Службен весник на Република Македонија“бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 151/21 и 3/25) и член

29, став (1) и (2) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22,170/24 и 37/25), Советот на Општина Демир Капија на 47-ма седница одржана на ден 31.07.2025 година, донесе измени и дополнувања на Буџетот со ПРВ РЕБАЛАНС.

**О Д Л У К А**
**За измена и дополнување на Буџетот на Општина Демир Капија за 2025 година**

**Член 1**

Пратејќи го остварувањето на Буџетот како на приходниот така на расходниот дел, и активностите кои се преземаат, а со досегашниот Буџет не се предвидени согласно позитивните законски прописи се вршат измени и дополнувања на Буџетот со ПРВ ребаланс.

**Член 2**

Со оваа Одлука се вршат следните измени и дополнувања на Буџетот на Општина Демир Капија за 2025 година.

**Износот на вкупните приходи на Буџетот на општина Демир Капија од 208.229.577,00 денари се заменува со 207.986.299,00 ден.**

**Потставката 713111**-Данок на имот од физички лица, износот од 1.500.000,00 се заменува со 1.300.000,00 денари.
**Потставката 717137**-Надомест за уредување на градежно земјиште, износот од 27.149.292,00 се заменува со 13.149.292,00 денари.
**Потставката 725939**-Останати неданочни приходи, износот од 1.000.000,оо се заменува со 110.150,00 денари.
**Потставката 733111**-Приходи од продажба на неизградено градежно земјиште, износот од 25.000.000,00 се заменува со 19.099.987,00 денари.
**Потставката 741114** – Пренесен вишок на приходи од предходна година, на буџетката сметка износот од 23.000.000,00 се заменува со 24.314.762,00 денари.
**Потставката 741114** – Пренесен вишок на приходи од предходна година, на сметката за дотации, износот од 0,00 се заменува со 405.509,00 денари за да се овозможи користење на останати парични средства од минати години за единките корисници на општината.(за В1-износ од 140.680,00 денари, за Н1-износ од 207.534,00 денари и за К2-износ од 57.295,00 денари).
**Потставката 741115** – Дотација на општината од ДДВ износот од 20.302.258,00 се заменува со 25.896.432 денари.
**Потставката 741211**-Капитални трансфери од други нивоа на власт, износот од 10.220.562,00 се заменува со 23.681.844,00 денари.
**Потставката 741120**-Блок дотација на општината по одделни намени, износот од 68.842.389,00 се заменува со 69.093.247,00 денари.
**Потставката 742111**-Приходи од Обединети нации,износот од 500.000,00 се заменува со 220.000,00 денари.(сметка за донации).

**Износот на вкупните расходи на Буџетот на општина Демир Капија од 208.229.577,00 денари се заменува со 207.986.299,00 ден.**

**Потпрограма А0 – Совет на општина**
Потставката 404150- Други надоместоци, износот од 1.500.000,00 се заменува со 1.850.000,00 денари.
Потставката 461130 -Субвенции за јани претпријатија, износот од 1.500.000,00 се заменува со 1.177.034,00 денари.
Потставката 464990 -Други трансфери, износот од 500.000,00 се заменува со 1.200.000,00 денари.
Потставката 493210-Отплата на главница на долгорочна позајмица износот од 3.000.000,00 се заменува со 3.200.000,00 денари.

**Потпрограма ДО – Градоначалник**
Потставката 404150 – Други надоместоци износот од 400.000,00 се заменува со 630.000,00 денари.

**Потпрограма ЕО - Општинска администрација**
Потставката 420230 - Патување во странство – сместување, износот од 0,00 се заменува со 50.000,00 денари.
Потставката 427110 - Привремени вработувања, износот од 1.000.000,00 се заменува со 1.500.000,00 денари.
Потставката 464910 - Плаќање по судски решенија, износот од 600.000,00 се заменува со 2.505.000,00 денари.

**Потпрограма ЕА – Капитални трошоци на општината**
Потставката 480140 – Купивање на информаичка и видео опрема, износот од 500.000,00 се заменува со 300.000,00 денари.
Потставката 481230 – Реконструкција на деловни објекти, износот 3.000.000,00 се заменува со 0,00 денари.
Потставката 482920 – Изградба на други објекти, износот 2.000.000,00 се заменува со 0,00 денари.

Потставката 485420 – Надомест за одземен имот, износот од 1.000.000,00 се заменува со 1.358.794,00 денари.

Потставката 486190 – Купување на други моторни возила, износот 5.500.000,00 се заменува со 3.000.000,00 денари.

**Потпрограма ФДО-Уредување на простор во рурални подрачја**

Поставката 482920-Изградба на други објекти износот од 6.200.000,00 се заменува со 3.000.000,00 денари.

**Потпрограмата ГА0-Изградба на комерцијални објекти**

Потставката 482920-Изградба на други објекти износот од 4.000.000,00 се заменува со 0,00 денари.

**Потпрограма Ј30 – Јавно осветлување**

Потставката 421110-Електрична енергија износот од 2.000.000,00 се заменува со 3.000.000,00 денари.

**Потпрограма Ј80-Други комунални услуги**

Потставката 425610-Услуги за заштита на водите, реките и езерата износот од 900.000,00 се заменува со 0,00 денари.

**Потпрограма ЈАА- Изградба на електрични инсталации за улично осветлување**

Потставката 482820-Изградба на капацитети во енергетиката износот од 0,00 се заменува со 1.581.595,00 денари.

**Потпрограмата ЈД0-Изградба на улици, патишта и автопати**

Потставката 482120-Изградба на улици,патишта и автопати износот од 5.589.639,00 се заменува со 3.853.290,00 денари.

Потставката 482130-Реконструкција на улици,патишта и автопати износот од 0,00 се заменува со 7.700.000,00 денари.

**Потпрограмата ЈДА-Реконструкција на локален пат с.Корешница -с.Челевец**

Потставката 482130-Реконструкција на улици,патишта и автопати износот од 10.410.361,00 се заменува со 7.222.946,00 денари.

**Потпрограмата ЈИО-Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води**

Потставката 482320-Изградба на пречистителни станици и колектори износот од 2.000.000,00 се заменува со 0,00 денари.

**Потпрограмата ЈИА-Изградба на атмосферска канализација на улица Маршал Тито во Демир Капија**

Потставката 482320- Изградба на пречистителни станици и колектори износот од 0,00 се заменува со 332.977,00 денари.

**Потпрограмата Л0-Спорт и рекреација**

Потставката 463120-Трансфери до спортски клубови, износот од 300.000,оо се заменува со 700.000,00 денари.

**Потпрограмата ЛА0-Спорт и рекреација(капитални расходи)**

Потставката 482930-Реконструкција на други објекти, износот од 2.266.686,00 се заменува со 3.371.992,00 денари.

**Потпрограмара ЛАА-Спорт и рекреација(капитални расходи)**

Потставката 482930-Реконструкција на други објекти, износот од 0,00 се заменува со 5.702.426,00 денари.

**Потпрограма НА0 –Капитални расходи за основно образование**

Потставката 482920-Изградба на други објетки износот од 2.647.350,00 се заменува со 5.941.851,00 денари.

**Потпрограмата Н10-Основно образование (сметка на дотации)**

Потставката 401310 – Персонален данок на доход од плати, износот од 3.062.000,00 се заменува со 3.058.000,00 денари.

Потставката 401320-Персонален данок на доход од надоместоци, износот од 78.000,00 се заменува со 82.000,00 денари.

Потставката 404110-Надомест за годишен одмор, износот од 696.000,00 се заменува со 730.000,00 денари.

Потставката 421110-Електрична енергија, износот од 460.000,00 се заменува со 700.000,00 денари.

Потставката 424390-Одржување на други градби, износот од 1.100.000,00 се заменува со 673.189,00 денари.

Потставката 464940-Трансфери при пензионирање, износот од 160.000,00 се заменува со 180.345,00 денари.

Потставката 464990-Други трансфери износот од 200.000,00 се заменува со 540.000,00 денари.

**Потпрограмата В1-Детски градинки (сметка на дотации)**

Потставката 401130 - Основни плати др. вработени, износот од 8.673.000,00 се заменува со 8.770.099,00 денари.

Потставката 401310 - Персонален данок на доход од плата, износот од 600.696,00 се заменува со 618.920,00 денари.

Потставката 402110 - Основни придонеси за ПИО, износот од 2.256.000,00 се заменува со 2.285.227,00 денари.

Потставката 402210 - Основни придонеси за здраство, износот од 900.000,00 се заменува со 912.288,00 денари.

Потставката 402220 - Основни придонеси за професионално заболување, износот од 60.000,00 се заменува со 61.328,00 денари.

Потставката 402310 - Основни придонеси до Агенцијата за вработување, износот од 144.000,00 се заменува со 146.570,00 денари.

Потставката 421410 - Горива и масла моторни возила, износот од 60.000,00 се заменува со 58.168,00 денари.

Потставката 424110 - Поправки и одржување на лесни возила, износот од 40.000,00 се заменува со 75.000,00 денари.

Потставката 424210-Одржување на згради, износот од 160.000,00 се заменува со 140.000,00 денари.

Потставката 424440 - Поправки и одржување на др. опрема, износот од 130.000,00 се заменува со 115.000,00 денари.

Потставката 425420 - Примарна здраствена заштита, износот од 50.000,00 се заменува со 65.000,00 денари.

Потставката 425970 - Консултантски услуги, износот од 82.000,00 се заменува со 57.000,00 денари.

Потставката 425990 - Други договорни услуги, износот од 1.712.292,00 се заменува со 552.442,00 денари.

Потставката 426310-Семинари и конференции, износот од 20.000,00 се заменува со 15.000,00.

Потставката 426410-Објавување на огласи, износот од 20.000,00 се заменува со 25.000,00 денари.

Потставката 427110-Привремени вработувања, износот од 3.000.000,00 се заменува со 2.600.000,00 денари.

**Потпрграмата К2 Музичка и сценско-уметничка дејност (сметка за дотација)**

Потставката 401130 - Основни плати – други вработени, износот од 3.960.991,00 се заменува со 4.065.413,00 денари.

Потставката 401310-Персонален данок од плата, износот од 351.070,00 се заменува со 359.268,00 денари.

Потставката 401320-Персонален данок на доход од надоместоци, износот од 8.554,00 се заменува со 10.000,00 денари.

Потставката 402110 - Основни придонеси за ПИО, износот од 1.125.927,00 се заменува со 1.155.330,00 денари.

Потставката 402210 - Основни придонеси за здравство, износот од 449.173,00 се заменува со 460.903,00 денари

Потставката 402220 - Основни придонеси за професионално заболување, износот од 29.945,00 се заменува со 30.730,00 денари.

Потставката 402310 - Основни придонеси до Агенцијата за вработување, износот од 71.868,00 се заменува со 73.746,00 денари.

Потставката 404110-Регрес за годишен одмор, износот од 77.000,00 се заменува со 86.800,00 денари.

Потставката 464990 - Други трансфери, износот од 916.569,00 се заменува со 1.257.060 денари.

**Потпрограмата КА0-Културни манифестации и творештво(капитални расходи)**

Потставката 482930-Реконструкција на други објекти, износот од 4.613.664,00 се замеува со 2.500.000,00 денари.

**Потпрограмата Њ0-Противпожарна заштита**

Потставката 425990-Други договорни услуги износот од 50.000,00 се заменува со 100.000,00 денари

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во службен гласник на Општина Демир Капија.

Број 08 – 587/5
31.07.2025 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за резервирани средства во Буџетот на Општина Демир Капија за експропријација на земјиште за градење објект од јавен интерес од локално значење**

Се објавува Одлука за резервирани средства во Буџетот на Општина Демир Капија за експропријација на земјиште за градење објект од јавен интерес од локално значење, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 31.07.2025 година.

Број 09 –619/3
01.08.2025 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 26 став 1 точка 6, а во врска со член 7 став 1 алинеја 8, член 9 став 3 и член 23 од Законот за експропријација ("Службен весник на РМ" бр.95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 23/16 и 178/16 и "Службен весник на РСМ" бр.122/21, 111/23 и 208/24), Советот на Општина Демир Капија на XLVII-та седница одржана на ден 31.07.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За резервирани средства во Буџетот на Општина Демир Капија за експропријација на земјиште за градење објект од јавен интерес од локално значење**

**Член 1**

Со оваа Одлука се резервираат средства во Буџетот на Општина Демир Капија во висина од 33.733,00 денари, за потполна експропријација на земјиште за реализација на јавен интерес од локално значење – "Реконструкција на улица Кирил и Методиј, општина Демир Капија".

**Член 2**

Со експропријацијата за реализација на јавен интерес од локално значење, ќе престане правото на сопственост на физичкото лице (приватна сопственост) а ќе се заснова правото на сопственост на Република Северна Македонија на земјиште со вкупна површина од 61м2 и тоа:

- Дел од КП 5052 новоформирана КП бр.5052/2 КО Демир Капија ИЛ бр.194......................2 м2;
- Дел од КП 5053/1 новоформирана КП бр.5053/12 КО Демир Капија ИЛ бр.194.........7 м2;
- Дел од КП 5053/2 новоформирана КП бр.5053/11 КО Демир Капија ИЛ бр.194.........8 м2;
- Дел од КП 5053/3 новоформирана КП бр.5053/10 КО Демир Капија ИЛ бр.194.........1 м2;
- Дел од КП 5061 новоформирана КП бр.5061/2 КО Демир Капија ИЛ бр.962.....................14м2;
- Дел од КП 5060 новоформирана КП бр.5060/2 КО Демир Капија ИЛ бр.962......................4 м2;
- Дел од КП 5060 новоформирана КП бр.5060/3 КО Демир Капија ИЛ бр.962....................23 м2;
- Дел од КП 5055/1 новоформирана КП бр.5055/2 КО Демир Капија ИЛ бр.191 ........2 м2.

**Член 3**

За експроприраната недвижност на физичкото лице, сопственик на предметното земјиште ќе му се исплати праведен надоместок кој не може да биде понизок од пазарната вредност на недвижноста, утврдена под услови и на начин согласно со Законот за експропријација, според методологија, правила и стандарди согласно со Законот за процена.

Надоместокот е утврден со Проценка на недвижен имот П.бр.306/1 од 13.09.2024 година изработена од Друштво за интелектуални услуги и процена МЕТОДА ПЛУС ДООЕЛ Кавадарци.

**Член 4**

Надоместокот за експроприраната недвижност и трошоците на постапката паѓаат на товар на Општина Демир Капија.

**Член 5**

Предлогот за експропријација го поднесува општина Демир Капија до органот на државната управа надлежен за имотноправните работи (орган за експропријација).

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 587/6
31.07.2025 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Капија за вториот квартал 2025 година**

Се објавува Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Капија за вториот квартал 2025 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 31.07.2025 година.

Број 09 –619/4
01.08.2025 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 32 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и "Службен весник на РСМ" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25), Советот на Општина Демир Капија на XLVII седница одржана на ден 31.07.2025 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Капија за вториот квартал 2025 година**

1. Советот на Општина Демир Капија го усвои Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Капија за вториот квартален период 2025 година.

2. Кварталниот извештај е составен дел од овој Заклучок.

3. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 587/7
31.07.2025 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за кофинансирање на Проектот: "Зајакнување – Вклучување на лицата со попреченост, регионална соработка и развој во Западен Балкан"**

Се објавува Одлука за кофинансирање на Проектот: "Зајакнување – Вклучување на лицата со попреченост, регионална соработка и развој во Западен Балкан", што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 31.07.2025 година.

Број 09 –619/5
01.08.2025 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), Советот на Општина Демир Капија на XLVII седница, одржана на ден 31.07.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**
за кофинансирање на Проектот: "Зајакнување – Вклучување на лицата со попреченост, регионална соработка и развој во Западен Балкан"

**Член 1**

Со оваа Одлука се обезбедуваат финансиски средства за директна поддршка на лицата со попреченост во рамките на Проектот: "Зајакнување – Вклучување на лицата со попреченост, регионална соработка и развој во Западен Балкан".

**Член 2**

Вкупната вредност на Проектот: "Зајакнување – Вклучување на лицата со попреченост, регионална соработка и развој во Западен Балкан" изнесува **103.400,00 евра**.

**Член 3**

Финансиските средства во износ од **66.400,00 евра**, ќе се обезбедат од Здружение Институт за развој на заедницата – ИРЗ Тетово, а Општина Демир Капија ќе обезбеди финансиски средства за кофинансирање на овој проект во износ од **37.000,00 евра**.

**Член 4**

Средствата за кофинансирање на проектот во вкупен износ од **37.000,00 евра**, Општина Демир Капија ќе ги уплати на проектна сметка: "ИРЗ - Зајакнати" според средниот курс на НБС на денот на плаќањето и тоа на следниот начин:

- Прва транша за 2025 година: износ од **7.000,00 евра** во денарска противвредност,
- Втора транша за 2026 година: износ од **15.000,00 евра** во денарска противвредност најдоцна до 31 Јануари 2026 година и
- Трета транша за 2027 година: износ од **15.000,00 евра** во денарска противвредност најдоцна до 31 Јануари 2027 година.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 587/8
31.07.2025 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за давање согласност за прифаќање намера за спонзорство од Друштво за производство, трговија и услуги КОРОНА Душко ДОО експорт-импорт Неготино**

Се објавува Одлука за давање согласност за прифаќање намера за спонзорство од Друштво за производство, трговија и услуги КОРОНА Душко ДОО експорт-импорт Неготино, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 31.07.2025 година.

Број 09 –619/6
01.08.2025 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), Советот на Општина Демир Капија на XLVII-та седница одржана на 31.07.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**
за давање согласност за прифаќање намера за спонзорство од Друштво за производство, трговија и услуги КОРОНА Душко ДОО експорт-импорт Неготино

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Демир Капија во својство на приметел на спонзорство дава согласност за прифаќање намера за спонзорство во рамки на проектот за подобрување на водоснабдувањето во с.Прждево (дупчење на експлоатационен бунар, изработка на техничка документација, пумпна станица) од Друштво за производство, трговија и услуги КОРОНА Душко ДОО експорт-импорт Неготино.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 587/9
31.07.2025 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за давање согласност за прифаќање намера за спонзорство од Трговско друштво за трговија, производство и услуги СЈ КОМПАНИ ДОО експорт-импорт Скопје**

Се објавува Одлука за давање согласност за прифаќање намера за спонзорство од Трговско друштво за трговија, производство и услуги СЈ КОМПАНИ ДОО експорт-импорт Скопје, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 31.07.2025 година.

Број 09 –619/7
01.08.2025 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), Советот на Општина Демир Капија на XLVII-та седница одржана на 31.07.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**
за давање согласност за прифаќање намера за спонзорство од Трговско друштво за трговија, производство и услуги СЈ КОМПАНИ ДОО експорт-импорт Скопје

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Демир Капија во својство на приметел на спонзорство дава согласност за прифаќање намера за спонзорство во рамки на проектот за подобрување на водоснабдувањето во с.Прждево (дупчење на експлоатационен бунар, изработка на техничка документација, пумпна станица) од Трговско друштво за трговија, производство и услуги СЈ КОМПАНИ ДОО експорт-импорт Скопје.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 587/10
31.07.2025 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за измена на Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар – деловен простор**

Се објавува Одлука за измена на Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар – деловен простор, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 31.07.2025 година.

Број 09 –619/8
01.08.2025 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 3 став 2 и член 21 став 1 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост ("Службен весник на Република Македонија" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19, 275/19 и 122/21), Советот на Општина Демир Капија на XLVII-та седница одржана на ден 31.07.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За измена на Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар – деловен простор**

**Член 1**

Во Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар – деловен простор ("Службен гласник на Општина Демир Капија" бр.10/22), во член 1 зборовите: "со површина од 76м2", се заменуваат со зборовите: "со површина од 27м2".

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 587/11
31.07.2025 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за давање на користење на недвижна ствар – дел од објект на Здружение на пензионери Демир Капија**

Се објавува Одлука за давање на користење на недвижна ствар – дел од објект на Здружение на пензионери Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 31.07.2025 година.

Број 09 –619/9
01.08.2025 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 3 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост ("Службен весник на Република Македонија" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19, 275/19 и 122/21), Советот на Општина Демир Капија на XLVII-та седница одржана на ден 31.07.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За давање на користење на недвижна ствар – дел од објект на Здружение на пензионери Демир Капија**

**Член 1**

Со оваа одлука на Здружението на пензионери Демир Капија му се дава на користење дел од недвижна ствар

– деловна просторија во зграда 1, влез 001, кат приземје, со внатрешна површина од 9м2, која се наоѓа на ул."11-ти Октомври" во Демир Капија на КП 4071, КО Демир Капија запишана во Имотен лист бр.1291, сопственост на Општина Демир Капија;

– стан (1, 2, 3 и 4) во зграда 1, влез 001, кат 01, со внатрешна површина од 197м2, кои се наоѓаат на ул."11-ти Октомври" во Демир Капија

на КП 4071, КО Демир Капија запишана во Имотен лист бр.1291, сопственост на Општина Демир Капија;

– помошна просторија во зграда 1, влез 001, кат ПО, со внатрешна површина од 78м2, која се наоѓа на ул."11-ти Октомври" во Демир Капија на КП 4071, КО Демир Капија запишана во Имотен лист бр.1291, сопственост на Општина Демир Капија;

– помошна просторија во зграда 1, влез 002, кат ПО, со внатрешна површина од 70м2, која се наоѓа на ул."11-ти Октомври" во Демир Капија на КП 4071, КО Демир Капија запишана во Имотен лист бр.1291, сопственост на Општина Демир Капија.

**Член 2**

Недвижната ствар од член 1 од оваа одлука, се дава на времено користење без надомест за период од 5 (пет) години.

Просторот од член 1 став 1 алинеја 2 и 3 од оваа одлука може да се даде под закуп. Средствата од закупнината се приход на Здружението.

**Член 3**

Обврска на корисникот на просторот опишан во член 1 од овој договор е редовно да ги плаќа месечните сметки за трошоците за тековното одржување (електрична енергија, вода, ѓубретарина, одржување хигиена, ситни поправки и сл.).

**Член 4**

Се овластува Градоначалникот на Општина Демир Капија да склучи договор со Здружение на пензионери Демир Капија со кој поблиску ќе се уредат работите кои се однесуваат на користењето на просторот, условите на користење и други прашања поврзани со користењето на просторот.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 587/12
31.07.2025 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за давање на користење на недвижна ствар – дел од објект на Здружение Центар за истражување и информирање за животна средина ЕКО СВЕСТ Скопје**

Се објавува Одлука за давање на користење на недвижна ствар – дел од објект на Здружение Центар за истражување и информирање за животна средина ЕКО СВЕСТ Скопје, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 31.07.2025 година.

Број 09 –619/10
01.08.2025 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 3 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост ("Службен весник на Република Македонија" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19, 275/19 и 122/21), Советот на Општина Демир Капија на XLVII-та седница одржана на ден 31.07.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За давање на користење на недвижна ствар – дел од објект на Здружение Центар за истражување и информирање за животна средина ЕКО СВЕСТ Скопје**

**Член 1**

Со оваа одлука на Здружението Центар за истражување и информирање за животна средина ЕКО СВЕСТ Скопје му се дава на користење дел од недвижна ствар

– деловна просторија, канцеларија број 2 во зграда 1, влез 001, кат приземје, со внатрешна површина од 33м2, која се наоѓа на ул."11-ти Октомври" во Демир Капија на КП 4395/51, КО Демир Капија запишана во Имотен лист бр.1805, сопственост на Општина Демир Капија.

Недвижната ствар од став 1 алинеја 1 од оваа одлука, се дава на времено користење без надомест за период од 3 (три) години.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Демир Капија да склучи договор со Здружението Центар за истражување и информирање за животна средина ЕКО СВЕСТ Скопје со кој поблиску ќе се уредат работите кои се однесуваат на користењето на просторот,

условите на користење и други прашања поврзани со користењето на просторот.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 587/13
31.07.2025 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за давање согласност за Годишен план за вработување во 2026 година**

Се објавува Решение за давање согласност за Годишен план за вработување во 2026 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 31.07.2025 година.

Број 09 –619/11
01.08.2025 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 20-б став 1 алинеа 3 од Законот за вработените во јавниот сектор (“Службен весник на Република Македонија“бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20, 208/24), Советот на Општина Демир Капија на 47-та седница одржана на ден 31.07.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За давање согласност за Годишен план за вработување во 2026 година**

**1.** Советот на Општина Демир Капија дава Согласност за Годишниот план за вработување во 2026 година во општинската администрација на општина Демир Капија, изготвен врз основа на Методологијата за планирање на вработувањата во јавниот сектор, како и формата и содржината на образецот на годишниот план за вработување и извештајот за реализација на годишниот план за вработување.

Годишниот план за вработување во 2026 година е составен дел на ова решение.

**2**. Годишниот план за вработување во 2026 година се доставува на мислење до надлежното Министерството за јавна администрација.

**3**. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Демир Капија“.

Број 08 – 587/14
31.07.2025 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за усвојување на Елаборат за процена на штета од елементарна непогода – ниски температури што ја зафати Општина Демир Капија во месец Април 2025 година**

Се објавува Заклучок за усвојување на Елаборат за процена на штета од елементарна непогода – ниски температури што ја зафати Општина Демир Капија во месец Април 2025 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 31.07.2025 година.

Број 09 –619/12
01.08.2025 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) а во врска со член 143 од Законот за заштита и спасување ("Службен весник на РМ" бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и "Службен весник на РСМ" бр.215/21 и 124/25) и Методологија за процена на штета од природни непогоди и други несреќи ("Службен весник на РМ" бр.181/21), Советот на Општина Демир Капија на XLVII седница одржана на 31.07.2025 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
За усвојување на Елаборат за процена на штета од елементарна непогода – ниски

температури што ја зафати Општина Демир Капија во месец Април 2025 година

1. Советот на Општина Демир Капија го усвои Елаборатот за процена на штета од елементарна непогода – ниски температури што ја зафати Општина Демир Капија во месец Април 2025 година.

2. Се задолжува Комисијата за процена и утврдување на висината на штети да го достави усвоениот извештај за утврдената штета до Комисијата за процена и утврдување на висината на штетата од природни непогоди и други несреќи при Владата на РСМ.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 587/15<br>31.07.2025 година<br>Демир Капија

Претседател на Совет на<br>Општина Демир Капија,<br>Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Демир Капија**

Се објавува Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 31.07.2025 година.

Број 09 –619/13<br>01.08.2025 година<br>Демир Капија

Градоначалник на<br>Општина Демир Капија,<br>Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 23 став 3 од Законот за угостителската дејност ("Службен весник на РМ" бр.62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16 и "Службен весник на РСМ" бр.31/20 и 16/25), Советот на Општина Демир Капија на 47-та седница одржана на 31.07.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**
за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Демир Капија

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши продолжување на работното време на угостителските објекти кои работат на подрачјето на Општина Демир Капија, за време од два часа од регистрираното работно време на угостителскиот објект.

**Член 2**

Продолжувањето на работното време од два часа, важи од 26.08.2025 година до 28.08.2025 година, за време на одржувањето на Демиркапискиот панаѓур по повод празникот Голема Богородица.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 587/16<br>31.07.2025 година<br>Демир Капија

Претседател на Совет на<br>Општина Демир Капија,<br>Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Програма за изменување и дополнување на програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Демир Капија за 2025 година**

Се објавува Програма за изменување и дополнување на програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Демир Капија за 2025 година, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 31.07.2025 година.

Број 09 –619/14<br>01.08.2025 година<br>Демир Капија

Градоначалник на<br>Општина Демир Капија,<br>Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и

"Службен весник на РСМ" бр.202/24) а во врска со член 99 од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на Република Македонија" бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 224/24, 233/24 и 87/25), Советот на Општина Демир Капија на седницата одржана на ден 31.07.2025 година, донесе

**ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА ЗА 2025 ГОДИНА**

1. Во Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Демир Капија за 2025 година ("Службен гласник на Општина Демир Капија" бр.12/24 и бр.1/25), во точка 2, се менуваат деталниот табеларен преглед за *Урбанистички план за село Корешница, КО Корешница, Општина Демир Капија за ГП 9.20, ГП 9.21, ГП 9.22, ГП 9.41, ГП 9.42 и ГП 9.43* и деталниот табеларен преглед за *Урбанистички план за село Дрен (локалитет Дошница) - измена, 2011 – 2021, за ГП 18, ГП 19, ГП 47, ГП 48 и ГП 49*.

2. Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

## Урбанистички план за село Корешница, КО Корешница, Општина Демир Капија

| Број на градежна парцела | **ГП 9.20** | **ГП 9.21** | **ГП 9.22** | **ГП 9.41** | **ГП 9.42** | **ГП 9.43** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| вкупна површина во м2 | 479 | 576 | 819 | 748 | 568 | 579 |
| Намена на земјиште (основна класа) | А1 | А1 | А1 | А1 | А1 | А1 |
| Намена на земјиште опис | Домување во станбени куќи | Домување во станбени куќи | Домување во станбени куќи | Домување во станбени куќи | Домување во станбени куќи | Домување во станбени куќи |
| броеви на катастарските парцели во состав на градежна парцела КП број | КП.бр.653/2 К.О.Корешница | КП.бр.653/3 К.О.Корешница | КП.бр.653/4 К.О.Корешница | КП.бр.653/5 К.О.Корешница | КП.бр.653/6 К.О.Корешница | КП.бр.653/7 К.О.Корешница |
| Површина на градба | 258 | 292 | 315 | 279 | 281 | 334 |
| Бруто развиена површина | 1032 | 818 | 882 | 781 | 787 | 935 |
| Процент на изграденост | 53.86 | 50.69 | 38.46 | 37.30 | 49.47 | 57.69 |
| коефициент на искористеност на земјиштето | 2.2 | 1.4 | 1.1 | 1.1 | 1.4 | 1.6 |
| максимална дозволена висина | 10.20 м | 10.20 м | 10.20 м | 10.20 м | 10.20 м | 10.20 м |
| Катност | П+2+Пк | П+2+Пк | П+2+Пк | П+2+Пк | П+2+Пк | П+2+Пк |

| **Урбанистички план за село Дрен (локалитет Дошница) - измена, 2011 - 2021** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на градежна парцела | **ГП.бр.7** | **ГП.бр.18** | **ГП.бр.19** | **ГП.бр.47** | **ГП.бр.48** | **ГП.бр.49** | **ГП.бр.50** | | |
| вкупна површина во м2 | 926 | 766 | 751 | 581 | 556 | 512 | 423 | | |
| Намена на земјиште (основна класа) | А Домување | А Домување | А Домување | А Домување | А Домување | А Домување | А Домување | | |
| Намена на земјиште опис | А1 Домување во станбени куќи | А1 Домување во станбени куќи | А1 Домување во станбени куќи | А1 Домување во станбени куќи | А1 Домување во станбени куќи | А1 Домување во станбени куќи | А1 Домување во станбени куќи | | |
| броеви на катастарските парцели во состав на градежна парцела КП број | Дел од КП бр.846/5 КО Чифлик | Дел од КП бр.877/1 КО Чифлик | Дел од КП бр.877/1 КО Чифлик | Дел од КП бр.889/1 и дел од КП бр.887/1 КО Чифлик | Дел од КП бр.889/1, дел од КП бр.887/1 и дел од КП бр.890 КО Чифлик | Дел од КП бр.889/1, дел од КП бр.887/1 и дел од КП бр.890 КО Чифлик | Дел од КП бр.889/1, дел од КП бр.887/1 и дел од КП бр.890 КО Чифлик | | |
| Површина на градба | 216,00 | 144,00 | 216,00 | 150,00 | 150,00 | 150,00 | 120,00 | | |
| Бруто развиена површина | 864,00 | 576,00 | 864,00 | 600,00 | 600,00 | 600,00 | 480,00 | | |
| Процент на изграденост | 23,00 | 19,00 | 29,00 | 26,00 | 27,00 | 29,00 | 28,00 | | |
| коефициент на искористеност на земјиштето | 0,93 | 0,75 | 1,15 | 1,03 | 1,08 | 1,17 | 1,13 | | |
| максимална дозволена висина | 10.20 м | 10.20 м | 10.20 м | 10.20 м | 10.20 м | 10.20 м | 10.20 м | | |
| Катност | П+2+пк | П+2+пк | П+2+пк | П+2+пк | П+2+пк | П+2+пк | П+2+пк | | |

Број 08 – 587/17
31.07.2025 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок**

Се објавува Заклучок, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 31.07.2025 година.

Број 09 –619/15
01.08.2025 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.05/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), Советот на Општина Демир Капија на XLVII-та седница одржана на ден 31.07.2025 година, го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**

**1.** Советот на Општина Демир Капија го разгледа барањето за стопирање на изградбата на малите хидроелектрани на реката Дошница и предложи општината да побара преиспитување на сите донесени одлуки за изградба на мали хидроелектрани на реката Дошница од надлежните министерства.

**2.** Да се преземат мерки за времено стопирање на изградбата се до завршување на изработката на Студијата за валоризација на Кожуф планина како Национален парк.

**3.** Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 587/18
31.07.2025 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување финансиски средства на Здружение на граѓани и верници Света Петка Горна Ергела – Демир Капија**

Се објавува Решение за одобрување финансиски средства на Здружение на граѓани и верници Света Петка Горна Ергела – Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 31.07.2025 година.

Број 09 –619/16
01.08.2025 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), постапувајќи по барањето на Здружение на граѓани и верници Света Петка Горна Ергела - Демир Капија бр.08-592/1 од 23.07.2025 година, Советот на Општина Демир Капија на XLVII-та седница одржана на ден 31.07.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За одобрување финансиски средства на Здружение на граѓани и верници Света Петка Горна Ергела – Демир Капија**

**1.** Советот на Општина Демир Капија, **ОДОБРУВА** финансиски средства во висина од **25.000,00 (дваесетипет илјади) денари** на Здружение на граѓани и верници Света Петка Горна Ергела – Демир Капија, по повод организирањето на верскиот празник "Света Петка" во Демир Капија.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Демир Капија за 2025 година, Програма А00, потставка 463 110 – трансфери до здруженија на граѓани и фондации, на сметка 300130000046832 Комерцијална Банка.

**3.** Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 587/19
31.07.2025 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен

весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување финансиски средства на Здружение ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА 2025 Демир Капија**

Се објавува Решение за одобрување финансиски средства на Здружение ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА 2025 Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 31.07.2025 година.

Број 09 –619/17
01.08.2025 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и Правилникот за определување на критериуми за доделување на финансиска помош, на здруженија на граѓани, фондации и асоцијации од буџетот на општина Демир Капија бр.08-652/15 од 30.07.2018 година, постапувајќи по барањето бр.08-573/1 од 18.07.2025 година, Советот на Општина Демир Капија на XLVII-та седница одржана на ден 31.07.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За одобрување финансиски средства на Здружение ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА 2025 Демир Капија**

**1.** На Здружението ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА 2025 Демир Капија за организирање на традиционалниот Турнир во мал фудбал "ГОЛЕМА БОГОРОДИЦА" за 2025 година се доделуваат финансиски средства во износ од **200.000,00 денари**.

**2.** Здружението ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА 2025 Демир Капија да достави извештај за тоа каде се потрошени доделените средства.

**3.** Одобрените средства ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Демир Капија за 2025 година, Програма L00, ставка 463 - трансфери до невладини организации, потставка 463 120 – трансфери до спортски клубови, на сметка 300040000210330 Комерцијална Банка.

**4.** Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 587/20
31.07.2025 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување на еднократна парична помош**

Се објавува Решение за одобрување на еднократна парична помош, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 31.07.2025 година.

Број 09 –619/18
01.08.2025 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 1 точка 1 алинеја 2 од Правилникот за утврдување критериуми за доделување на еднократна парична помош, доделување на финансиски средства на граѓани и на здруженија на граѓани бр.07-90/9 од 04.02.2010 година, постапувајќи по барањето бр.08-576/1 од 21.07.2025 година, Советот на Општина Демир Капија на XLVII-та седница одржана на ден 31.07.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За одобрување на еднократна парична помош**

**1.** Советот на Општина Демир Капија, **ОДОБРУВА** еднократна парична помош во износ од **30.000,00 (триесет илјади) денари** на лицето **ПЕРО ЃОРЃИЕВ** од Демир Капија ул.Партизанска бр.62, заради елементарна непогода - пожар.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени на жиро сметка 200001378606672 на лицето Перо Ѓорѓиев од Буџетот на општина Демир Капија ставка 471 - социјални надоместоци, потставка 471 160 – еднократна парична помош.

**3.** Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 587/21
31.07.2025 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување еднократна финансиска помош на КАЈАКАРСКИ КАНУ КЛУБ ПРОСЕК Демир Капија**

Се објавува Решение за одобрување еднократна финансиска помош на КАЈАКАРСКИ КАНУ КЛУБ ПРОСЕК Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 31.07.2025 година.

Број 09 –619/19
01.08.2025 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и Правилникот за определување на критериуми за доделување на финансиска помош, на здруженија на граѓани, фондации и асоцијации од буџетот на општина Демир Капија бр.08-652/15 од 30.07.2018 година, постапувајќи по барањето бр.08-435/1 од 23.05.2025 година, Советот на Општина Демир Капија на XLVII-та седница одржана на ден 31.07.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За одобрување еднократна финансиска помош на КАЈАКАРСКИ КАНУ КЛУБ ПРОСЕК Демир Капија**

**1.** По барање на Здружението КАЈАКАРСКИ КАНУ КЛУБ ПРОСЕК Демир Капија со седиште на ул.Првомајска бр.5 Демир Капија, Советот на Општина Демир Капија ОДОБРУВА финансиски средства во износ од **60.000,00 денари**.

**2.** Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Демир Капија, Програма А00 подставка 463 110– трансфери до здруженија на граѓани и фондации, на сметка 210072828850113 на Кајакарски Кану Клуб ПРОСЕК од Демир Капија.

**3.** Здружението КАЈАКАРСКИ КАНУ КЛУБ ПРОСЕК Демир Капија да достави извештај до советот за тоа каде се потрошени доделените средства.

**4.** Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 587/22
31.07.2025 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---